СОВЕТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ СКОПЈЕ

Предлагач: Претседател на Совет
на Општина Аеродром

**ИНИЦИЈАТИВА**
**за поведување на постапка за укинување на Одлуки за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини на подрачје на општина Аеродром-локалитет Долно Лисиче**

Скопје, март 2022 година

**ИНИЦИЈАТИВА**
**за поведување на постапка за укинување на Одлуки за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини на подрачје на општина Аеродром-локалитет Долно Лисиче**

I. Се иницира постапка за укинување на Одлуки за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини на подрачје на општина Аеродром-локалитет Долно Лисиче, број 44-1087/1-18 од 30.07.2019 година и број 44-1087/2-18 од 30.07.2019 година, („Службен весник на РСМ" број 162/19), со кои на правниот субјекти друштво за транспорт и трговија Фивла транспорт ДООЕЛ Скопје, му е доделена концесија за екплоатација на минерални суровини – песок и чакал на локалитет Долно Лисиче, за период од десет години од денот на потпишување на Договор за концесија.

II. Општина Аеродром, преку надлежното Министерство за економија, ке достави барање за укинување на одлуките за доделување на концесија, цитирани во член 1 на оваа Одлука, поради неисполнетост на условите од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19) и тоа:
   - Нема позитивно мислење за бараната концесија од општина Аеродром - не е донесена одлука од Совет на општина Аеродром
   - Не се доставени примероци од договорите за концесија, склучени по конкретните одлуки за доделување на концесија
   - Пристигнати се бројни реакции од жителите на локалитетот Долно Лисиче, како засегната јавност, со барања за заштита на животната средина и спречување на екплоатација на минерални суровини којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или емисија од којашто може да произлезе штета за имотот или која го нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина

III. Воедно, општина Аеродром ќе достави барање за обезбедување на податоци од Министерството за економија, во врска со донесени Одлуки со кои е доделена концесија за експлоатација на минерални суровини на подрачје на општина Аеродром и склучени Договори по истиот основ, согласно законската обврска на Министерството за достава на примероци од склучени Договори, по претходн и Одлуки на Владата, утврдена во член 46 став 5 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), имајќи превид дека во Буџетот на општина Аеродром има прилив на средства како надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини, а општината не е известена за донесени одлуки и склучените Договори.

IV. По усвојувањето, оваа Иницијатива, општина Аеродром, ќе ја спроведе до надлежните органи.

Образложение

Иницијативата се поднесува заради покренување на постапка за укинување на донесени Одлуки за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини на подрачје на општина Аеродром-локалитет Долно Лисиче, имајќи ги предвид законските недоследности при донесување и спроведување на Одлуките, кои се цитирани во точка 2 од Иницијативата, како и поради бројни реакции од жителите на локалитетот Долно Лисиче, како засегната јавност, со барања за заштита на животната средина и спречување на екплоатација на минерални суровини којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или емисија од којашто може да произлезе штета за имотот или која го нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина